Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 02 – 450/2
31 . 05 . 2016 год.



Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија"бр. 196/15), Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05 и 103/08), Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/16) и Правилникот за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година), управителот на Друштвото М-р Златко Перински на ден 31.05.2016 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**ЗА**
**НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВА ОД УКАЖУВАЧИ**

Член 1

За овластено лице за прием на пријава од укажувачи во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје се именува лицето: Роберта Теова вработена во Друштвото на работно место - раководител на сектор за општи и правни работи.

Член 2

Овластеното лице своите обврски ќе ги извршува согласно Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15) и Правилникот за внатрешно пријавување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/16).

Член 3

За извршување на функцијата Овластено лице за прием на пријава од укажувачи Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе му обезбеди потребни услови согласно член 5 од Правилникот за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до :
- Роберта Теова
- Димовски Јован
- Томовски Љупчо д.е.и.
- Димитровска Марта

Скопје, 31.05.2016 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
М-р Златко Перински

Изработил:Оливер Китаноски
Одобрил: Роберта Теова